# ILLEGAL PRODUCTION, TRADE AND SMUGGLING OF COCAINE

**Ljupco Todorovski**
Faculty of security – Skopje, ljupcoatodorovski@hotmail.com

**Abstract:** During the past ten years the drug trafficking trends are characterized by creativity, fast adjustment to the changes of the circumstances and introduction of innovations in the work. The criminal drug-organizations find way to adapt to the threats and the smuggling of drugs more and more see the perspective of its criminal activities in the global approaches. Worldwide, Europe is considered to be the main manufacturer of drugs. It covers the domestic and the drug markets outside its boundaries. The largest drug consumption in the world from the richer countries has moved to the poor countries and the developing countries (now the main supply and trafficking locations). These countries have other priorities and fewer resources, so they are not in a position to absorb the effects of the increased drug usage. The paper will analyze the development of illicit production and smuggling of cocaine on the European market. The emphasis will be placed on new ways of smuggling that have been identified in the last few years where the cocaine market continues to develop.
**Keywords:** cocaine, drugs, smuggling, drug crime.

# НЕЛЕГАЛНО ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И КРИУМЧАРЕЊЕ НА КОКАИН

**Љупчо Тодоровски**
Факултет за безбедност – Скопје, ljupcoatodorovski@hotmail.com

**Резиме:** Во последните десетина години движењата во трговијата со дрога во светот, се карактеризираат со креативност, брзо прилагодување на промените на околностите и внесување на иновации во работењето. Криминалните нарко-организации наоѓаат начини да се прилагодат на заканите, а криумчарите на дрога сé повеќе, перспективата на своето криминално работење ја гледаат во глобалните приоди. Гледано во светски рамки, Европа се смета за важен производител на дрога. Се покрива, како домашниот нарко-пазар, така и пазарите на дрога надвор од нејзините граници. Најголемата потрошувачка на дрога во светот, од богатите земји, се пренесе на теренот на сиромашните земји и земјите во развој (сега главни локации на снабдување и трговија со дрога). Овие земји имаат други приоритети и помалку ресурси, така што, не се во позиција да ги апсорбираат последиците од зголемената употреба на droги. Во трудот ќе биде анализиран развојот на недозволеното производство и криумчарење на кокаинот на европскиот пазар. Акцент ќе биде ставен на новите начини на криумчарење кои се констатирани во последните неколку години каде пазарот на кокаин продолжува да се развива.
**Клучни зборови:** кокаин, дрога, криумчарење, нарко-криминал.

## 1. ВОВЕД

Производството на наркотични средства во светот варира во зависност од географските и климатските услови. Кока-растението во Америка, афионот во Азија, канабисот во Африка и во други делови на светот, илегално се култивираат, а од неодамна, синтетските дроги (особено дрогите од амфетамински тип), сѐ повеќе го заземаат нивното место на светскиот илегален пазар. Како резултат на тоа, се појавија нови трендови во трговијата со дрога и во начините на нивната употреба. Во текот на последните неколку години, развојот на европскиот пазар на кокаин донесе неколку неочекувани проблеми. Констатирани се нови начини на негово криумчарење. Тој се пренесува помешан со материјали од синтетска природа, во храна и слично, а потоа се издвојува од матриксот во т.н. секундарни лаборатории за екстракција, лоцирани ширум Европа. Овој вид на тргување претставува предизвик во напорите за спроведување на стратегијата за борба против дрогата. Пазарот на кокаин продолжува да се развива. Се добиваат извештаи за нови нарко-рути коишто ги покриваат подрачјата на Источна Африка, кои патем се користат и за негово криумчарење во Европа. Исто така, се известува и за големи заплени во Источна Европа, регион каде до скоро, употребата на кокаин беше многу мала. Сите овие случувања покажуваат дека трговците со дрога бргу се прилагодуваат на спроведените забрани и активно бараат нови патишта и ранливи точки за влез на оваа дрога во Европа.

## 2. НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И КРИУМЧАРЕЊЕ НА ДРОГИ ОД ПРИРОДНО ПОТЕКЛО

Во изминатиов период, истражувањата воглавно беа фокусирани на хероинот, кокаинот и канабисот. Хероинот, во земјите на Европската унија, продолжува да се споменува како дрога чија употреба во најголем дел се поврзува со болести и смртни случаи. Проценките на ЕУ-агенцијата за дроги (EMCDDA) се дека, во Европската унија има над 1,3 милиони редовни корисници на опијати. Половината од нив (51%), се под специјален третман. Најновите објавени податоци за состојбите со дрогата во Европа покажуваат дека регуларната употреба на опијати е на релативно стабилно ниво. Ако се направи преглед на употребата и достапноста на хероинот на наркопазарите ширум Европа, се наметнува констатацијата дека овој опиумски тип на дрога во иднина ќе има помалку значајна улога, ако тоа се гледа низ призмата на целокупноста на проблемите поврзани со дрогата. Ефективната забрана не е единствената причина за тоа. Има забележително инвестирање во мерките што се преземаат за намалување на побарувачката на оваа дрога. Конкретни примери во врска со намалувањето на побарувачката на хероин се дадени во Извештајот на UNODC за 2011 година, каде е потенцирано дека во почетокот на 2010 година, во поголем број европски земји, е регистриран недостаток на оваа дрога[162]. Ваквата состојба директно се припишува на успешната соработка помеѓу полициските и царинските служби. Преземените мерки, во и околу Авганистан, заедно со сеопфатната стратегија за намалување на побарувачката на хероин во Европа, позитивно влијаат на севкупниот проблем во врска со оваа дрога.
Ситуацијата со канабисот, е пример за одбележување, кога станува збор за погоре спомнатиот проблем, односно за тоа, како може да еволуира пазарот на дрога. Имено, се забележува преориентација кон домашно одгледување на ова растение, наместо традиционалниот увоз на канабис- дроги (марихуана, хашиш, хашишово масло). Голем број од земјите-членки на Европската унија, пријавуваат локално, внатрешно производство на канабис- дроги. Очигледни предности имаат производителите и снабдувачите на дрога што се во близина на илегалните пазари бидејќи се избегнува преминувањето на надворешните граници. Колатерална штета за локалните заедници, засегнати со производство на овој вид дрога, е сé поприсутната вклученост на организирани криминални организации во илегалниот бизнис со оваа дрога. Од друга страна, поврзаноста на нарко-криминалот со други криминални активности е илустрирана со фактот дека одредена популација која работи на плантажите со канабис и локално тргува со канабис-дроги, може да биде изложена на насилство или на други форми на злоупотреба. Произведениот канабис со висок потенцијал на THC[163], има изразено негативни импликации врз здравјето. И покрај тоа што е евидентно зголемувањето на домашното производство на канабис, Европа сй уште има побарувања на овие дроги. Повеќето од канабис-дрогите за европскиот пазар, се произведуваат во Мароко, а во Европа влегуваат преку Пиринејскиот полуостров. Иако, локално, се регистрираат значителни заплени, не се очекуваат некои поголеми намалувања на количеството на оваа дрога на европскиот пазар. Некои сознанија укажуваат на тоа дека, развиената инфраструктура за трговија со канабис-дроги, интензивно се користи и за трговија со други дроги од природно потекло, како што е на пример кокаинот. Тоа, самото по себе зборува дека треба да се има холистички пристап кон овие проблеми. Сепак, овој пример има пошироки импликации. Имено, генерално гледано, треба да се има предвид динамичката состојба долж нарко-рутите, како и таа на нарко-пазарите. Со кокаин најчесто се тргува преку Северна Африка, при што се користат рутите на канабис-дрогите, но од друга страна, од извештаите, може да се констатира дека има зголемување на интеракцијата помеѓу операциите во врска со трговијата со хероин и кокаин.

## 3. НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И КРИУМЧАРЕЊЕ НА КОКАИН

Површините засадени со кока-растение се проценуваат на околу 157.000 хектари. и тие претежно се сконцентрирани во земјите од Латинска Америка Според извештаите на UNODC[164] за 2010 година, култивацијата на кокота е стабилна, но со 32% помалку насади од максималното ниво (220.600 хектари) забележано во 1999 година. Гледано глобално, областите каде што се одгледува кока-растението се намалени за 6%, и тоа главно во Колумбија, иако има мало зголемување во Перу. Поголемиот дел од кокота и натаму се одгледува во Колумбија (54%), по што следи Перу (30%) и Боливија (18%). Култивирањето на

[162] Преземено од: *World Drug Report 2011* www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/WDR-2011.html
[163] THC-тетрахидроканабинол, активна компонента по која се мери јачината на дрогата
[164] United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC) and Government of Colombia, "*Colombia Coca Cultivation Survey*", Bogota, June 2011

коката во Еквадор и Венецуела е незначително и нема индиции за нејзино успешно одгледување за потребите надвор од земјите на Латинска Америка[165].

Основната разлика помеѓу коката и другите наркотични растенија (опиумски афион и канабис) е во тоа што приносите од кока-растението може да се собираат неколку пати годишно. Тоа својство на кока-растението треба, во принцип, да овозможи полесно проценување на површините на култивација на кока[166] . Во практика, насадите со кока-растението се изложени на еден динамичен процес, односно цело време се подложни на промени така што многу е тешко да се одреди точната површина на земјиштето засадено со кока-растение во одредено време, во текот на годината. Постојат неколку причини зошто одгледувањето на кока е динамичен процес, а како позначајни се сметаат: отварање нови насади, реактивирање на претходно напуштените полиња, рачно искоренување и воздушни прскања со хемиски средства за уништување на насадите. Сепак, пазарите на кокаин во развиениот свет се сметаат за стабилни, иако на пример, потрошувачката на кокаин во САД (главниот побарувач на оваа дрога), во изминатите неколку години значително опадна. Вредноста на кокаинот, на мало, на американскиот пазар е за околу две третини намалена во однос на 1990-тите, а за околу една четвртина во споредба со изминатата деценија.

Цената на исушени лисја на кока- растението се движи од два до четири долари за килограм, на кокаин паста околу 1000 долари за килограм, а на кокаин хидрохлорид околу 1760 долари по килограм. Производниот ланец на кокаинот, од кокаин паста до кокаин база и на крајот до кокаин хидрохлорид е лоцирано во илегални лаборатории непосредно до површините на кои се одгледува растението кока. Податоците на UNODC покажуваат дека 99% од откриените илегални лаборатории во светот, се наоѓаат во Колумбија, Боливија и Перу. Од другите делови на светот, Шпанија е на прво место со откриени 11 илегални лаборатории. Главните трговски нарко-рути водат од регионот на Андите до САД. Транспортот најчесто се одвива од Колумбија како најголема земја производител, преку Пацификот и пристаништата во Мексико, до брегот на САД, а се користи и копнениот патен правец преку Венецуела, Еквадор и Мексико.

Криминалните организации на етничките Мексиканци се сметаат како најпогодни за транспортирање на кокаинот со оглед на фактот што поседуваат пасоши на САД, како и заради долгата копнена граница помеѓу САД и Мексико. Според податоците на полициските служби на САД, колумбиските криминални организации, не само што се доминантни во одгледувањето и производство на кокаин, туку и во организирањето на неговиот транспорт, а мексиканските криминални организации ја транспортираат и дистрибуираат дрогата до крајните корисници[167]. Земјите од Карипските острови се исто така значајна транспортна зона за влез на кокаинот во САД, меѓу кои најзначајни се Хаити, Доминиканската Република и Јамајка. Втората по значење дестинација на кокаинот, произведен во регионот на Андите, е Европа. Кокаинот во Европа најчесто е достапен како кокаинхидрохлорид. Се транспортира од Јужна Америка, преку Атлантскиот Океан, кон земјите на Европската унија, по воздушен или поморски пат. Мултитонски поморски пратки се истовараат од Аргентина, Бразил, Чиле, Колумбија, Еквадор, Суринам и Венецуела, на крајбрежните области на Шпанија и Португалија. Во исто време, кокаинот се носи и на големите пристаништа во Белгија, Германија, Франција, Италија, Холандија и Обединетото Кралство.

Големите пратки со кокаин што влегуваат во Шпанија и Португалија се сокриени во бродски карго-контејнери, рибарски бродови или во патнички багаж. Значајни точки за влез се комерцијалните пристаништа, интернационалните аеродроми, марини и рибарски пристаништа брзите чамци, кои се врска со главниот брод, го зголемуваат бројот на коридори со користење на изолираните крајбрежја.

Идентификувани се три главни поморски патишта до Европа:[168]

- северен пат, кој води од Карибите, преку Азорските Острови, до Португалија и Шпанија. (Во извештајот на INCB за 2008 година, се дадени проценки дека, 40% од кокаинот којшто се внесува во Европа поминува по овој пат);
- централен пат, кој води од Јужна Америка преку Кејп Верде или Мадеира и Канарските Острови, до Европа и од неодамна,
- африканскиот пат, кој води од Јужна Америка до Западна Африка, а од таму, главно до Шпанија и Португалија.

---

[165] Ibid
[166] Преземено од: *World Drug Report 2011*, http://www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/WDR-2011.html
[167] "*National drug control strategy*", Office of National drug Control Policy, UN, 2006
[168] Project Cola and its Analysis Work File (AWF Cola) Проект кола и анализа на работна датотеката (AWF кола) нудат поддршка на надлежните органи во земјите-членки за успешно водење борба против специфични форми на криминал, Европол, DEA, INTERPOL

Во последните години се констатирани нови криумчарски рути во земјите од Источна Европа и на Балканот. Неколку случаи на заплена на кокаин покажаа дека пристаништата на Црното Море, во Бугарија и Романија и пристаништата на Јадранското Море, во Црна Гора и Албанија, се користат за транспорт на јужноамериканскиот кокаин[169]. Иако поморските пратки претставуваат најголем проблем за полициските служби, бидејќи, може во секое време, да се транспортираат големи количини дрога, "авионските курири" сè уште се сметаат за актуелен начин на транспорт на кокаин, со користење на комерцијалните летови до европските аеродроми. Како што се наведува во извештајот на Федералната криминална полиција на Германија (BKA) за 2010 година, криумчарењето на кокаин со авион од Јужна Америка до Германија е честа појава во последниот период, при што Бразил и Аргентина се главни земји на потекло или транзитни земји Често кокаинот запленет во Германија бил дистрибуиран низ земјите на Европската унија, најчесто до Шпанија, Велика Британија или Холандија. Италија, исто така, се идентификува од страна на BKA како важна дестинација со неколку случаи на заплена на големи поединечни количини кокаин.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Од изнесеното може да констатираме дека недозволената трговија со наркотични дроги и нивното криумчарење, по сите обележја и карактеристики (обем, динамика, начин на извршување, перфидност на методите што се применуваат), претставува деликт со висок степен на организираност. Додека европските полициски и цармински служби ги зголемуваат своите напори, лицата кои вршат нелегална трговија со кокаин, продолжуваат да иновираат барајќи нови начини за доставување на дрогата до корисниците како на пример, вградување на кокаин во други материјали (восок, пластични материјали или облека). Криминалните групи вклучени во трговијата со кокаин се добро организирани и имаат ефикасни стратегии за транспорт на оваа дрога, меѓутоа соработката меѓу службите за борба против дрогата ја подобри размената на разузнавачките информации.

Денес, за трговијата со дрога, не постојат националности и граници. Таа се карактеризира со софистицирана мрежа на соработници, добавувачи, компании и бизниси за да се олесни шверцот со наркотици, но и за перењето на пари од нелегалните приноси. Слабите финансиски регулаторни системи и корупцијата, се клучни фактори кои ги прават некои земји особено привлечни за меѓународните криминални организации.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC) and Government of Colombia, “Colombia Coca Cultivation Survey”, Bogota, June 2011

[2] “National drug control strategy”, Office of National drug Control Policy, UN, 2006

[3] Project Cola and its Analysis Work File (AWF Cola) DEA, INTERPOL

[4] http://www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/WDR-2011.html

[5] http://www.ecprnet.eu/standinggroups/crime/documents/SGOC_Vol6_2.pdf

[169] Преземено од: http://www.ecprnet.eu/standinggroups/crime/documents/SGOC_Vol6_2.pdf